2026 • **1 ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЈУЖНОПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА

# МИСИОНСКИ ВЕСТИ

- искуства од светот
за млади и возрасни



## Од Фиџи до првите борбени линии

**На насловната страница:** Џордан зачекори со вера кога Бог го повика да биде мисионер. Како што се појавуваа предизвиците, тој знаеше дека не се соочува сам со нив. Искуството се наоѓа на 20 стр..

# СОДРЖИНА


### ВАЛИС И ФУТУНА / НОВА КАЛЕДОНИЈА

**4** Мојот сосема нов живот / 3 јануари

**6** Богот на мојот дедо /10 јануари

**8** Точка на пресвртница / 17 јануари

### ВАНУАТУ

**10** Без грешка / 24 јануари

### ФИЏИ

**12** Доживотна служба на Бога / 31 јануари

**14** Бог никогаш не ме напушта /7 февруари

**16** Повик низ болка / 14 февруари

**18** Дом на богослужение / 21 февруари

**20** Од Фиџи до линијата на фронтот (Ударни вести) / 28 февруари

**22** Исцелена надеж / 7 март



























### ПАПУА НОВА ГВИНЕЈА

**24** Носење на Евангелието во џунглата / 14 март T

**26** Уличен проповедник / 21 март

**28** Програма на 13-тата сабота: Човек со една нога / 28 март T

**31** Идни проекти на 13-та сабота Редакција на списанието

**32** Мапи


T = Искуства кои можат да бидат од особен интерес за тинејџерите

SEVENTH-DAY ADVENTIST CHURCH

©2026 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved

12501 Old Columbia Pike, Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драги водачи на саботната школа,

Ендрју Мекчесни
*Уредник*



Ова тримесечје ќе се посветиме на Јужнопацифичката дивизија (SPD), која вклучува 19 земји.

Американска Самоа, Австралија, Кукови Острови, Фиџи, Француска Полинезија, Кирибати, Науру, Нова Каледонија, Нов Зеланд, Ниуе, Папуа Нова Гвинеја, Питкерн, Самоа, Соломонови Острови, Токелау, Тонга, Тувалу, Вануату и Футуна.

Во оваа дивизија живеат 45,5 милиони луѓе, вклучувајќи 824.647 членови на Христијанската адвентистичка црква. Тоа е соднос од 1 адвентист на секои 55 луѓе.

Како дел од своите мисионски напори, оваа дивизија избра 4 проекти кои ќе ги примат средствата на 13-тата сабота од ова тримесечје, во Папуа Нова Гвинеја, Соломоновите острови, Вануату, и Валис и Футуна.

Вашата поддршка за мисијата е многу важна за единството на црквата.

Ви благодарам што им помагате на членовите на вашата саботношколска класа да ги запознаат своите духовни браќа и сестри низ целиот свет и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку своите дарови.

## Посебни информации

Ако сакате да ја оживеете вашата Саботна школа, нудиме фотографии и други материјали кои ќе го придружуваат секое искуство за мисијата. Повеќе информации се дадени на страничната лента од секое искуство. Дополнително, можете да ја преземете PDF верзијата со мисионските факти и активности од Јужнопацифичката дивизија на bit.ly/sad-2026. Следете нè на facebook.com/mission quarterlies. Можете исто така да ја преземете и PDF верзијата на тримесечното издание на вестите од светот „Mission “ на bit.ly/adultmission и видеата од Mission Spotlight на bit.ly/missionspotlight.

Вашата поддршка на мисионството е многу важна за единството на црквата. Ви благодариме што им помагате на членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку своите дарови. Ајде да се здружиме во исполнувањето на Исусовиот налог.

Од дното на моето срце ви посакувам изобилство Божји благослови!

Ендрју Мекчесни

## МОЖНОСТИ

Даровите на 13-тата сабота ова тримесечје ќе бидат употребени за 4 проекти во Јужнопацифичката дивизија:

- **Изградба на адвентистичката мисионска школа Омаура во Каинанту, Папуа Нова Гвинеја.**
- **Детски здравствен проект на Соломонските Острови.**
- **Детски здравствен проект на островот Вануату.**
- **Изградба на центар на влијание на островот Валис**







**Хијасинта**

# МОЈОТ СОСЕМА НОВ ЖИВОТ

„Мамо, те молиме, можеме ли повторно да дојдеме тука утре?“ нè прашаа нашите деца со широки насмевки.

Тоа беше наш прв пат да присуствуваме на некој адвентистички состанок. Еден пријател нè покани, па затоа дојдовме од учтивост. Во поштенското сандаче најдовме флаери со покана за серијата предавања, но немавме план да одиме. Пред да тргнеме од дома, мојот сопруг Бруно и јас си рековме еден на друг: „Ќе одиме и ќе чуеме за што се работи. Тоа е сè.“

Меѓутоа, се случи нешто неочекувано.

Нашите деца ги видоа своите другарчиња на таа дружба, па дури стекнаа и неколку нови другарчиња. Им беше многу забавно!

По состанокот, останавме малку да поразговараме и да пиеме чај со љубезните луѓе. Ни раскажаа како Бог им го променил животот и нè поканија повторно да се сретнеме и да дојдеме следниот ден.

Како што минуваа деновите, а ние присуствувавме на состаноците, нашите деца изјавува дека им се допаѓаат проповедите на пасторот. Понекогаш се чинеше како да не слушаат, но секогаш имаа што да кажат за она што го слушнале и разбрале. Навистина им се допаѓаа библиските раскази за тоа како Бог го создал светот и сите неверојатни творби во природата.

И јас бев трогната. Хорот пееше песни со моќни пораки што ме доведуваа до солзи. Пасторот постојано ни велеше да не веруваме во работите само затоа што тој ги изнесува. Тој нè повикуваше сами да ја читаме Библијата и да го следиме она што го кажува, читајќи стихови од Божјата реч. Тоа ми се допадна.

Иако одев во црква и често се молев, она што го слушавме овде ми изгледаше сосема поинакво – и посебно.

Еден ден, во текот на втората седмица од серијата предавања, пасторот праша дали некој сака да се крсти.

На наше изненадување, нашиот син рече: „Тато, мамо, јас сакам да се крстам.“

Бевме шокирани. Додека сè уште се обидувавме да сфатиме сè, неговото младо срце беше возбудено што го запознава Бога.

Му реков дека крштевањето не е нешто толку едноставно како ку-

пување чоколадо, дека тоа е важна животна одлука. Но сфатив дека не го познавам неговото срце како што го познава Бог.

Бог работеше и на моето срце, но не се чувствував достојна. Кога пасторот повторно упати повик до оние што сакаат да се крстат да станат и да излезат напред, сакав да станам – но не можев да се поместам. Не се чувствував доволно „чиста“.

Таа ноќ, во кревет, се молев и плачев. „Господи, што да правам? Сакам да се крстам.“ Додека разговарав со Бога, почувствував мир и знаев дека сум подготвена.

Следното утро, во чантата спакував посебен бел фустан и пешкир. Го бакнав сопругот кога се разделувавме, бидејќи тој одеше на патување со брод со нашите постари деца. Потоа отидов со нашите двајца помлади синови, со мојата братучетка и внукот, да одиме на предавањата.

Додека седев во салата каде што се одржуваа состаноците, солзи ми течеа по образите. Ме виде еден постар пар и учтиво ми пријде.

„Ќе се крстам“, почнав, „но никој во моето семејство не знае.“

Ме прегрнаа цврсто и топло. Се чувствував подобро.

Станав кога пасторот ги повика луѓето коишто сакаа да се крстат. Излегов напред, плачејќи – но не од тага. Моето срце беше полно со љубов кон Исуса. Моите деца скокаа од радост кога ме видоа како се крштавам. Ме прегрнаа цврсто кога излегов од водата.

Далеку на океанот, мојот сопруг почувствува нешто. Не му кажав за мојата одлука, но тој се свртел кон нашите синови и рекол: „Вашата мајка се крштева.“

AMsda.org/A2611

## Во врска со искуството

- Покажете ја Нова Каледонија на карта на светот.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2026.

## Мисионски факти

- Нова Каледонија има 6 цркви, 2 групи и 1.133 членови. Со население од 278.000 жители, тоа е еден член на црквата на секои 245 Новокаледонци.
- Првите мисионери адвентисти кои работеле во Нова Каледонија биле капетанот Г. Ф. Џонс и неговата сопруга, кои отпловиле од Сиднеј, Австралија, до Нумеа, Нова Каледонија, во 1925 година.
- Првиот член на Адвентистичката црква во Нова Каледонија била г-ѓа Ада Пејрас.
- Мисијата Нова Каледонија е основана во 1925 година и организирана во 1954 г. од францускиот евангелист по име Пол Нуан.
- Многу од мисионерите кои живееле или ја посетиле Нова Каледонија биле од Франција.
- Територијата на Мисијата Нова Каледонија ги вклучува островот Пајнс, Островите Лојалти, Нова Каледонија и Валис и Футуна.

Од тој ден, мојата вера растеше. Уживам да одам во црква и да ја проучувам Библијата во саботната школа. Се надевам дека и целото мое семејство еден ден ќе го избере Бога и ќе биде крстено.

Благодарна сум му на Исуса за прекрасниот сопруг што ми го даде. Тој не ме спречува да ја празнувам саботата. Неодамна го прашав: „Што мислиш за Бога?“ Тој рече: „Се чувствувам како христијанин. Верувам во Исуса, а твојата вера ме охрабрува.“

Сега се обидувам да живеам во духот на љубовта, покажувајќи им на другите кој е Бог – преку моите зборови и дела.

Вашите дарови на 13-тата сабота, познати како средства за тримесечните мисионски проекти, ќе имаат вечно влијание врз животот на луѓето како Хијасинт. Тие ќе бидат употребени за изградба на центар на влијание што ќе им помогне на адвентистите да изградат мостови на пријателство со луѓето на територијата на мисијата Нова Каледонија.

Хијасинта Сантино



НОВА КАЛЕДОНИЈА | 10 јануари

**Станислас**

# БОГОТ НА МОЈОТ ДЕДО

Станислас пораснал во христијанско семејство богато со култура, религија и традиција. Тој бил второ од осум деца, а неговите најрани сеќавања биле исполнети со љубов и ритамот на семејниот живот.

Но, семејството го погодила трагедија кога татко му загинал во сообраќајна несреќа. Во тоа време, мајката на Станислас била бремена со неговиот најмлад брат/сестра.

Не можејќи самата да се грижи за децата, таа ги испратила да живеат со нејзините баба и дедо. Токму во домот на неговите баба и дедо, Станислас за прв пат доживеал длабока духовна посветеност. Секое утро, тој се будел со нежниот мирис на запалена свеќа и глетката во која неговите баба и дедо се на колена во молитва. Неговиот дедо, верен црковен работник, го посветил својот живот на служење на Бога.

Иако бил момче, Станислас почнал да се прашува: Ако Бог е добар, зошто некој како мојот дедо, кој толку многу Го сакаше, би страдал толку длабоко? Тоа тивко сомневање растеше во годините што доаѓаа.

До тинејџерските години, Станислас се оддалечувал од своите духовни корени. Се свртел кон тутун, алкохол и на крајот кон кражби. Она што започнало како мали дела на бунт го довело до опасен начин на живот исполнет со криминал. Бил вмешан во провали, кражби на автомобили и трговија со дрога. Улиците го научиле на поинаков начин на живот – начин на живот во кој се вели дека само најсилните преживуваат.

Потоа, една вечер, сѐ се променило. Пијан, зад воланот на украден автомобил, Станислас одеднаш слушна глас во срцето. „Што правиш? Сакаш вака да ти заврши животот?"

Потресен од овие мисли, тој знаел дека не може да продолжи да живее на начинот на кој живеел дотогаш. Следното утро одлучил да се повлече од криминалот и да го започне својот живот отпочеток.

Се вратил во родниот град за да го обнови својот живот. Не било лесно – му требало година и пол - но Станислас бил решен. На 18 години, се приклучил на војската, ја завршил обуката и на крајот нашол постојана работа.

Подоцна, тој запознал една жена и тие започнале заеднички живот. Имале две деца и сѐ одело добро некое време. Но, старите рани и нерешената болка почнале да избиваат на површина, создавајќи тензии во нивната врска. На крајот, двојката се разделила.

Набргу по ова, таткото на жената го повикал Станислас и го замолил да ѝ даде уште една шанса. Тој се согласил, не знаејќи што воопшто да очекува.

Неговата партнерка пораснала во адвентистичко семејство. Иако не одела во црква, сепак секој ден ја читала Библијата. Еден ден му рекла: „Сакам да се вратам во црква".

Станислас одговори: „Зошто да не? Пробав сѐ друго – можеби е време да пробам со Исуса."

Таа почнала да оди во црква во сабота, додека тој почнал да оди во црква во недела. Понекогаш таа му се придружувала, но тој никогаш не одел со неа. Сепак, забележал дека

AMsda.org/A2612

## Во врска со искуството

- Покажете ја Нова Каледонија на карта на светот.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2026.

## Брзи факти

- Британскиот истражувач Џејмс Кук го нарекол островот Нова Каледонија бидејќи го потсетувал на Шкотска. Каледонија било римско име за Шкотските Висорамнини.
- Кога првите христијански мисионери пристигнале во 1840-тите, канибализмот бил широко распространет низ островите, а целиот екипаж на едрилица бил убиен и изеден.
- Во 1853 година, Франција ја колонизирала Нова Каледонија, а во 1864 г. таа станала француска казнена колонија. Околу 22.000 затвореници биле транспортирани помеѓу 1864 и 1897 година.

нешто се променило. Таа била посмирена и посреќна. Била исполнета со таков мир во неа што тој не можел да го објасни.

Еден ден ја прашал: „Зошто го поминуваш целиот ден во црква? Кај мене службата трае само неколку часа.“

Таа се насмевнала и рекла: „Дојди со мене и ќе разбереш.“

Тој се согласил – и таа прва сабота во нејзината црква била пресвртница во неговиот живот. Пораката го допрела неговото срце на начин на кој не очекувал. Тој не го разбрал целосно Исуса, но нешто во него се разбудило.

Пасторот му предложил да ја проучуваат Библијата заедно. Станислас прифатил.

Кога ја отворил Библијата, почнал да наоѓа одговори на прашања што го прогонувале уште од детството. Неговата слика за Бога, која била извалкана од сомнеж, полека заздравувала. Сфатил дека истиот глас што го слушнал неколку години претходно, во тој украден автомобил, сега повторно му проговорил – овој пат преку Светото писмо.

Една вечер, по една сесија проучување, се свртел кон својата жена и рекол: „Мислам дека сега имам вера. Конечно разбирам што значи да се верува.“

По кратко време, тие се венчале и се крстиле заедно.

Две години подоцна, Станислас се запишал на Адвентистичкиот универзитет на Фиџи, каде што се стекнал со диплома по теологија. Денес, тој служи како пастор во Нова Каледонија, истиот остров каде што започнало неговото животно патување.

Меѓутоа, тој сега му служи на истиот Бог во кој верувал и неговиот дедо – не од традиција, туку од убедување, љубов и личен однос со Христос.

Вашиот дар на 13-тата сабота, познат како средства за тримесечните мисионски проекти, ќе имаат вечно влијание врз животот на луѓето како Станислас Венегеи. Тие ќе бидат употребени за изградба на центар на влијание што ќе им помогне на адвентистите да изградат мостови на пријателство со луѓето на територијата на мисијата Нова Каледонија.

---

Станислас Венегеи




**Теодор**

# ПРЕСВРТНИЦА

Теодор живее на тропскиот остров Лифу. Тој е дел од француската територија Нова Каледонија во Северниот Тихи Океан. Теодор потекнува од мало село наречено Натало и е најмладото од дванаесет деца родени во голем христијански дом полн со љубов.

Уште од мал Теодор одел во црква и ги следел религиозните традиции. Меѓутоа, како што влегувал во тинејџерските години, нешто се променило. Задоволствата на светот и влијанието на неговите пријатели почнале да го влечат во поинаква насока.

За време на средното училиште, тој почнал да донесува одлуки за кои знаел дека се погрешни во Божјите очи. Теодор го напуштил училиштето во втората година и полека запаѓал во светот на зависностите.

Тој почнал да користи тутун и канабис и да пие алкохол. Она што започнало како љубопитност, наскоро се претворило во начин на живот. Неговите денови биле исполнети со световни задоволства, а ноќите замаглени со жалење. Колку повеќе се обидувал да ја пополни празнината во своето срце, толку повеќе се чувствувал изгубено.

Длабоко во себе, Теодор знаел дека нешто недостасува.

Како млад човек, се придружил на мала група за богослужение. Не бил сигурен за што копнее, но знаел дека му треба нешто повеќе од она што го нудел светот. Им верувал на луѓето, но тие го изневериле. Сега сакал да се обиде да му верува на Бога.

Една недела по црквата, Теодор почнал да бара Библија. Му требало одредено време , но конечно нашол една и почнал самиот да ја чита. На почетокот не го разбирал она што го чита, но нешто постојано го влечело назад кон страниците на Библијата. Сакал да дознае повеќе за Исуса.

Колку повеќе читал, толку повеќе истражувал. Почнал да разговара за Исуса со другите, иако тоа не било секогаш добредојдено. Еден ден, професорот жестоко го удрил затоа што поставувал прашања за Библијата, но дури ни тоа не го спречило. Дома тој продолжил да ја чита Божјата реч, барајќи ја вистината.

Така, еден ден се случило нешто неочекувано. Еден роднина, кој бил адвентист на седмиот ден, го поканил Теодор да присуствува на се-

рија евангелиски состаноци. Теодор одлучил да ја прифати поканата, и таа одлука му го променила животот.

За време на состаноците, тој слушал пораки директно од Библијата - јасни, моќни и полни со љубов. Дознал за Исуса како личен Спасител, а не само како далечна фигура од детството. Исто така, ја открил вистината за саботата и почнал да ја празнува како свет ден за одмор, токму како што учи Библијата.

Теодор го почувствувал дејствувањето на Светиот Дух во неговото срце, повикувајќи го да го остави зад себе стариот начин на живот и целосно да го следи Исуса. Со поддршка на љубезниот пастор и членовите на црквата, тој одлучил целосно да му го предаде својот живот на Бога.

Тој бил крстен на 19 јуни 2019 година. Тоа бил ден на слобода.

Но, патувањето не завршило тука. Годините поминати во зависност го зеле својот данок врз телото и умот на Теодор. Тој сè уште бил на лекување, чекорејќи по патот на исцелувањето. Сепак, сега нешто било различно – тој не бил сам.

Бог не само што го ослободил од неговата зависност, туку и му простил. Ги раскинал синџирите што го држеле толку долго. Она што некогаш изгледало невозможно, станало реалност. „За човекот сето тоа е невозможно“, вели тој, „но за Бога сè е можно“.

Денес, овој млад човек кој неко-

AMsda.org/A26113

## Во врска со искуството

- Покажете ја Нова Каледонија на карта на светот.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2026.

## Брзи факти

- За време на Втората светска војна, Нова Каледонија била важна база за сојузниците, а таму биле стационирани околу 50.000 американски војници - што одговара на бројот на жители на Нова Каледонија во тоа време.
- Иако имало бројни движења за независност, некои од нив и насилни, во периодот меѓу 2018 и 2021 година на неколку референдуми било изгласано да се остане дел од Франција.
- Новокаледонскиот корален гребен и неговите лагуни станале светско наследство на УНЕСКО поради својата убавина и разновидност на морски свет.
- Најголемата дрвовидна папрат во светот, Sphaeropteris intermedia, потекнува од Нова Каледонија.
- Новокаледонската врана е позната по својата интелигенција и по својата способност да користи алатки. Таа со гранчиња ги чепка ларвите во пукнатините сè додека ларвата не го загризе гранчето, а потоа враната го извлекува гранчето заедно со ларвата прикачена на него.
- Нова Каледонија извезува метални руди, дрва, кафе, кокос и говедско месо.
- Кула е традиционален систем на размена кој користи ленти за ракави во облик на школки и ѓердани и сè уште се користи заедно со поновиот паричен систем.
- Резбарството е популарно во Нова Каледонија и често го одразува племенското општество во тотеми, маски и flèche faîtière, резбана завршница поставена на врвот од традиционалните куќи.

гаш бил зависен од дрога, сега е зависен од Божјата реч. Тој ја чита Библијата секојдневно, а неговата најголема радост е ширењето на Радосната вест со другите, особено со оние кои минуваат низ истите борби со кои се соочувал тој.

Неговиот живот сега има нова смисла. Неговото срце има нова цел. А неговото мото кажува сè: „Верувај во Бога“.

Вашите дарови на 13-тата сабота, познати како средства за тримесечните мисионски проекти, ќе имаат вечно влијание врз животот на луѓето како Теодор. Тие ќе бидат употребени за изградба на центар на влијание што ќе им помогне на адвентистите да изградат мостови на пријателство со луѓето на територијатата на мисијата Нова Каледонија.

Теодор Драиколо






ВАНУАТУ | 24 јануари

**Џон**

# БЕЗ ГРЕШКА

Се викам Џон и доаѓам од малиот остров Маскелин, кој е дел од Вануату. Вануату е мала островска земја во Јужниот Пацифик. Пораснав опкружен со блескаво море и бујни шуми.

Одев на училиште како и другите деца, но не ми се допаѓаше. Не бев добар ученик. Всушност, добивав најлоши оценки во одделението. Татко ми знаеше дека не ми се допаѓа училиштето, но сепак имаше едноставен сон за мене. Ми рече: „Само заврши шесто одделение. Научи да го читаш и пишуваш своето име. Тоа е доволно.“

Никогаш нема да заборавам еден ден во шесто одделение. Полагавме тест. Мојата наставничка ја погледна мојата работа и воздивна. „Џон, никогаш нема да се промениш“, рече таа. „Напразно ги трошиш парите на твоите родители. Нема никаква смисла.“ Потоа ги фрли моите книги низ прозорецот и им рече на моите соученици слободно да ми се смеат. Морав да излезам надвор да ги земам моите книги додека сите ме гледаа.

Во тој момент нешто во мене се скрши. Се почувствував безвредно. Но длабоко во мене, нешто ми кажуваше да не се откажувам.

Подоцна истата година, еден соученик ме исмејуваше: „Џон, кога ќе паднеш на испитите и ќе останеш на островот, ќе те најмам да ме ловиш мене.“ Се насмевнав, но знаев дека не сакам таков живот. Сакав нешто повеќе.

Еден ден, мојот постар брат, кој стана адвентист на седмиот ден, ми даде еден библиски стих да го научам напамет: „Помни го саботниот ден, за да го празнуваш“ (2. Мојсеева 20,8) Тој стих промени нешто во мене.

Кога имав 13 години, еден адвентистички пастор дојде на нашиот остров за да одржи серија евангелиски предавања. Присуствував на сите предавања, а неговите зборови допреа длабоко во моето срце. Решив да се крстам. Пред крштевањето, пасторот се помоли: „Господе, те молам употреби го овој млад човек во Твојата служба“.

Откако почина татко ми, животот стана потежок. Но моето црковно семејство ми помагаше. Почнав да им помагам правејќи ситници, како што е грижата за црковниот двор. Подоцна станав ѓакон, а потоа и црковен старешина.

Во 2001 година, се преселив во друг дел од Вануату. Се приклучив на локалната адвентистичка црква и станав дел од музичкиот состав. Ја ширев мојата вера преку музиката. Пеењето беше мојот начин на проповедање. Не бев говорник, но кога пеев, се чувствував жив.

Еден ден се вратив на мојот остров. Таму пасторот ме покани да учествувам во програма на евангелиските состаноци. Секоја вечер пеев песни. Едно попладне ме замоли да го посетам со него гробот на Норман Вајлс, мисионерот

AMsda.org/A2614

## Во врска со искуството

- Покажете го Вануату на карта на светот.

  Вануату се изговара како vah-noo-AH-too

- Преземете ги мисионерските објави и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2026.

## Мисионски факти

- Во Вануату се појавиле повеќе „карго-култови“, особено по Втората светска војна. Карго-култовите обично вклучуваат пророштва дека починатите предци ќе се вратат и ќе донесат изобилство храна и стоки.
- Едно село на островот Тана го почитувало британскиот принц Филип, верувајќи дека тој е инкарнација на дух од традиционалните преданија.
- Првите мисионери адвентисти кои работеле во Вануату (тогаш наречени Нови Хебриди) биле Ц. Х. Паркер и неговата сопруга, кои пристигнале од областа Викторија-Тасманија во 1912 година.
- На почеток, сопружниците Паркер се населиле во главниот град Порт-Вила, но потоа биле замолени да се преселат во посиромашна област. Се населиле на островот Атчин, кој бил озлогласен поради своето население од канибали. Тие биле првите мисионери на тој остров.

## Брзи факти

- Вануату значи „наша земја засекогаш.“
- Вануату е архипелаг составен од 83 острови. Само 14 од 83-те острови имаат површина поголема од 60 квадратни милји (100 квадратни километри).
- Националното јадење на Вануату се нарекува *лаӣ лаӣ* — јадење слично на пудинг, направено од таро, јам, банани и кокосово млеко. Се завиткува во листови од банана и се пече под жешки вулкански камења.

кој прв ја донел адвентистичката порака на нашите брегови.

Стоејќи покрај гробот, се молев: „Боже, и јас сакам да бидам мисионер.“ Всушност, не знаев што е мисионер, но сакав да им помагам на луѓето да го запознаат Исуса.

Подоцна сонував еден сон. Дознав дека Бог сака да одам во Торес, група острови каде што немаше адвентисти. Немав пари и не познавав никого таму, но се молев: „Боже, ако сакаш да одам таму, те молам отвори ми ја вратата“.

Бог ја услиши мојата молитва! Поминав седум години во Торес, градејќи нови пријателства и основајќи нови цркви.

Години подоцна, на еден концерт во Малекула, ја видов мојата стара учителка – онаа што ми ги фрли книгите низ прозорецот. Таа дојде до мене со солзи во очите, ми даде лубеница и рече: „Жал ми е за грубото однесување и за зборовите што ти ги кажав.“ И таа стана адвентистка на седмиот ден!

Денес сум сè уште црковен старешина. Продолжувам да ја ширам Божјата љубов и да основам нови цркви. Можеби бев лош ученик на училиште, но Бог имаше план за мене. Бог ни кажува во Библијата: „Зашто само Јас ги знам замислите, што сум ги смислил за вас, вели Господ, замислите за добро, а не за зло, за да ви дадам иднина и надеж“ (Еремија 29,11). Ова ветување важи и за мене. Но, и за вас!

Вашите дарови на 13-тата сабота ова тримесечје ќе бидат употребени за поддршка на здравствените проекти наменети за децата на Соломоновите Острови и Вануату. Ви благодариме за вашите великодушни дарови!

Како што ѝ раскажал Џон Џозеф на Маика Туима





ФУЏИ | 31 јануари

**Моапе**

# ДОЖИВОТНА СЛУЖБА НА БОГА

Моапе се буди на изгрејсонце. Дури и на 77 години, неговата утринска рутина е иста: стапала на подот пред зори, молитва, а потоа директно на работната маса.

„Сакам да бидам прв на работа“, вели тој со насмевка. „Бог ги заслужува моите најдобри часови.“

Моапе пораснал на карпестите брегови на Ра, на Фиџи. Неговиот татко, црковен пастор, го научил да поправа рибарски мрежи, да ја чисти

капелата и да ги поздравува соседите по име. „Го гледав татко ми како им служи на луѓето“, се сеќава Моапе. „Си помислив, и јас сакам вака да го поминам животот.“

Неговите училишни денови го одвеле во колеџот Фултон, кампус на врвот на ридот каде што дрвјата франгипани ги засенуваат патеките со ладовина. Учел, се молел и ги туркал тешките валјаци на студентската печатарска машина. Мастилото му ги валкало прстите, но надежта му го исполнувала срцето.

Еден петок, тој клекнал покрај дрвената проповедалница на црквата во Сува и го замолил Бога за партнерка во службата. „Испрати ми женска личност која Те сака“, прошепотил тој.

Бог одговорил. Тој се оженил со Мер, љубезна лекторка, со која одгледале три ќерки. Двојката ветила дека ќе го следи Бога каде и да ги води Тој.

Нивната прва работа била во Транспацифичката издавачка куќа во Сува. Во зори, Моапе ставал хартија, ја местел печатарската машина и гледал како се печатат брошурите со евангелието и потоа ги ределе уредно во купови.

Кога менаџерот слушнал дека Моапе сонува да стане пастор, тој завртел со главата.

„Останете во печатницата“, го наговарал тој. „Секоја страница што ја печатите може да патува подалеку од која било проповед.“

Зборовите длабоко го трогнале Моапе. „Сфатив дека и еден тивок човек како мене сепак може да шири надеж.“

Моапе работел во печатницата девет години. Неговата напорна работа го довела до унапредување од машинист, потоа надзорник, па до финансиски службеник. Секој чекор го чувствувал како Божји нежен поттик и водство напред.

Во 1978 година печатарските машини замолкнале. Унијата ја затворила фабриката и го преместила Моапе да работи како сметководител на колеџот Фултон. Семејството ги спакувала своите работи во кутии и се искачиле на планината, очекувајќи уште една уредна куќа на кампусот. Наместо тоа, тие пронашле дотраена куќа со кров што протекува и со ѕидови што се лупат.

Мер се расплакала. „Ајде да се вратиме во Сува“, молела таа. Моапе ја прегрнал. „Не сме тука за наша удобност“, рекол тивко. „Ние сме тука поради Господа.“

Двојката ја чистела, ја бришела, ја бојадисувала и ја реновирала куќичката сè додека сончевата светлина не заиграла по чистите ѕидови. Со текот на времето, таа станала гостинска куќа за сите што доаѓале да ги посетат. „Бог ја претвори нашата најлоша куќа во најдобра“, знае да каже Мер, со насмевка во гласот.

Годините поминувале. Студентите доаѓале за совети. Децата си играле под дрвјата од манго во дворот. А книгите беа наредени во библиотеката.

Едно попладне, еден поранешен студент од Тахити пристигнал облечен во ново одело.

„Започнувам бизнис“, рекол тој. „Помогнете ми и водете го за мене. Ќе ви ја зголемам тројно платата и ќе ви дадам автомобил и нов дом.“

Понудата била повеќе од блескава, но Моапе не се двоумел. Погледнал нагоре и решително проговорил.

„Веќе одбрав да му служам на Бога додека не се пензионирам. Парите не можат да го променат тоа.“

Посетителот воздивнал, го склопил својот план и го напуштил Фиџи следниот ден.

Ваквите моменти ја зајакнувале верата на Моапе. „Секое искушение ме тераше уште повеќе да се потпирам на Бога.“ Секојдневната молитва го зацврсти на тој пат – рано наутро под дрвото леб, напладне во празната училница, а навечер со семејството околу мала газиена ламба.

Конечно, по 52 години служба, Моапе го затворил сефот на колеџот за последен пат и се вратил пеш дома во самракот. Тој веќе не беше оној пргав млад човек што товарел хартија во Сува, но неговата насмевка била поширока. Мер го пречекала на вратата, неговите ќерки и внуци се туркале зад неа. Таа вечер тие готвеле касава, пееле духовни песни и раскажувале библиски стории до доцна во ноќта.

Каква лекција им пренесува на помладите генерации? Тој одговара без двоумење, цитирајќи стих што го научил како момче: „Надевај се на Господ од сè срце и не се потпирај врз твојот разум. По сите свои патишта размислувај за Него, и Тој ќе ти ги покаже твоите патеки“ (Мудри изреки 3,5.6).

Потоа го додава својот едноставен предизвик: „Ставете го Бога на прво место – секое утро, пред секој избор. Можеби ќе почнете во стара колиба или бучна печатарска ма-

AMsda.org/A2615

## Во врска со искуството

- Покажете го Фиџи на карта на светот.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2026.

## Мисионски факти

- Првиот адвентистички мисионер во Фиџи бил Џон Ај. Теј во 1891 година, кој пристигнал со мисионскиот брод „Питкерн“. За жал, тој се разболел и починал неколку месеци подоцна.
- Во 1895 г. Џ. М. Коул пристигнал во Левука, која во тоа време била главниот град на Фиџи, и островите биле организирани како мисионско подрачје.
- Околу 1900 г.Австралискоазиската унија ја презела одговорноста за мисионското поле во Јужниот Пацифик.
- Првиот фиџиски странски мисионер бил Бени Таводи, кој бил испратен во Нова Гвинеја во 1908 година.
- Адвентистичкиот универзитет Фултон бил основан, како Фултон Колеџ, за обука на црковни работници во Фиџи во 1940 година, во близина на главниот град Сува.

шина, но Тој ќе ве однесе точно таму каде што треба да бидете.“

Сонцето заоѓа над Ра, обојувајќи го небото во златно-портокалова боја. Утре, пред да запее првиот петел, Моапе повторно ќе стане – подготвен, како и секогаш, да биде прв на должноста за Оној што го водел по целиот пат.

Дел од даровите на 13-тата сабота од првото тримесечје на 2000 година беа искористени за проширување на библиотеката на Универзитетот Фултон. Ви благодариме за вашите дарови на Тринаесеттата сабота од ова тримесечје, кои ќе поддржат здравствени проекти наменети за децата на Соломоновите Острови и Вануату.

Раскажано на Мајка Туима од Моапе Вулоалоа



ФИЏИ | 7 февруари

**Сера**

# БОГ НИКОГАШ НЕ МЕ НАПУШТА

Се викам Сера и доаѓам од прекрасните острови Фиџи. Студентка сум на втора година по педагогија на Адвентистичкиот универзитет Фултон. Моето патување тука беше сѐ само не лесно.

Пораснав во разорено семејство. Уште од мала морав да се грижам за себе. Немав на кого да се потпрам – немав никаква сигурност. Животот ми изгледаше како битка што морам да ја водам сама. Се свртев кон алкохолот и тутунот во средно училиште. Тие станаа мое бегство, единствената утеха што ја знаев.

Живеев со иста рутина од седмица во седмица: работев, добивав плата и ги трошев сите пари на работи што само ме повредуваа. Бев заглавена во круг од кој се чинеше невозможно да се прекине.

Мојот прв повик за будење дојде кога ме ограбија додека бев пијана. Но, ни тоа не ме спречи. Постојано се враќав на истите деструктивни навики.

Потоа дојде сообраќајната несреќа.

Таа ноќ сѐ се промени. Можев да загинам. Длабоко во себе знаев дека моето останување во живот не беше само среќа. Несреќата беше предупредување да ме разбуди и да прекинам со дотогашниот начин на живот, да ме спаси.

Во 2018 година дојдов на колеџот Фултон да студирам бизнис. Но,

не можев да се справам со она што мислев дека се чудни верувања на Адвентистите на седмиот ден. Се расправав со моите професори. На крајот, избегав. Мислев дека ќе биде полесно да се вратам на мојот стар живот.

Но, по сообраќајната несреќа, западнав во депресија. Ме обзедоа чувство на вина и самоубиствени мисли.

Па сепак, дури и во таа темнина, сè уште се слушаше еден тивок глас. Шепот: „Ќе бидеш добро." Тогаш не знаев, но сега верувам дека тоа беше Светиот Дух.

Не ја читав Библијата, ниту одев во црква, но никогаш не престанав да се молам. Молитвата беше сè што ми остана. Тоа беше единственото верување што го носев од детството – дека Бог слуша.

Мојата тетка и мојот чичко, двајцата адвентисти, се обидуваа да ми ја покажат Божјата светлина. Кога бев помлада, нè поканувaa во стариот кампус на колеџот Фултон за време на празниците.

Тие никогаш не нè принудуваа – туку само нежно нè охрабруваа сами да ја истражуваме Божјата реч.

Гледајќи наназад, тие беа голем дел од моето патување. Тие го посеаја семето.

На почетокот се спротивставив. Срцето ми беше тврдо. Луѓето ме нарекуваа „антиадвентист". Се сеќавам дека реков: „Каде во Библијата пишува дека Божјиот ден за одмор е саботата?" Не можев да го прифатам тоа.

AMsda.org/A2616

## Во врска со искуството

- Покажете го Фиџи на карта на светот.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2026.

## Брзи факти

- Државата Фиџи е составена од повеќе од 300 острови, но само околу една третина од нив се населени.
- Првобитните жители на Фиџи ја нарекувале земјата „Вити", но капетанот Џејмс Кук ги слушнал Тонганците како го изговараат „Физи", што подоцна преминало во „Фиџи".
- Фиџи бил британска колонија речиси сто години, од 1874 година, сè до прогласувањето на независноста на 10 октомври 1970 година.
- Фиџи е една од најразвиените економии во регионот на Пацифичкиот Океан.
- Националното животно на Фиџи е огрлестиот лори (вид тропски папагал), кој локалното население го нарекува „кула".
- Во фиџиските корални гребени може да се најдат околу 1.500 видови риби и повеќе од 300 видови тврди корали.

Но полека, преку проучување на Библијата, работите почнаа да добиваат смисла. Еден ден, пасторот ме праша: „Дали знаеш нешто за второто Христово доаѓање?" Тоа прашање ме потресе. Тоа беше пресвртница. Почнав поинаку да гледам на сите работи.

Враќањето на колеџот Фултон беше чудо. Немав никаков план, немав пари ниту идеја како ќе ја пла-

там школарината. Само реков: „Боже, сакам да се вратам на училиште.“

Денот пред да се вратам на факултет, сестра ми и нејзиниот сопруг ми понудија да ми ја платат школарината. Рекоа: „Не мора да ни враќаш. Само сакаме да ти помогнеме да започнеш.“

Бог ја отвори вратата.

Со текот на времето, тој ми обезбедуваше средства за студиите, ми даде можности во животот и донесе луѓе во мојот живот кои ме водеа кон вистината. А најголемото чудо? Решив да се крстам. Избрав да го следам Бога – не затоа што некој ме присили, туку затоа што ја пронајдов вистината сама.

Не беше лесно. Духовниот живот може да биде потежок од животот што го оставив зад себе. Но, целиот труд вредеше.

Порано мислев дека светот може да ми даде мир. Но сега знам дека само Бог може да ги задоволи најдлабоките потреби на срцето.

Денес ја читам Библијата повеќе од кога било, молитвата ја сфаќам сериозно и се обидувам да им сведочам и да им ја пренесувам мојата животна приказна на другите студенти, особено на оние кои не знаат за Божјата љубов.

Колеџот Фултон е повеќе отколку само училиште. Тоа е место каде што студентите како мене можат да ја најдат вистината, исцелување и цел во животот. Тука се подготвуваме не само за да оствариме работни кариери, туку и за вечноста.

Ако треба да споделам една порака, тоа би била оваа: Никогаш не се откажувајте од Бога. Дури и ако паднете или го изгубите патот, станете. Продолжете да одите во насоката во која Бог сака да одите.

Тој никогаш не се откажа од мене, а нема да се откаже ни од вас.

Дел од даровите на 13-тата сабота од првото тримесечје на 2009 година беа употребени за изградба на новиот универзитетски кампус на колеџот Фултон. Ви благодариме за вашите дарови на 13-тата сабота овој тримесечје, кои ќе поддржат здравствени проекти наменети за децата на Соломоновите Острови и Вануату.

---

Раскажано на Маика Туима од Сера Вилсон





**Мило**

# ПОВИК НИЗ БОЛКА

Се викам Мило и доаѓам од прекрасниот остров Самоа во Јужниот Пацифик. Растењето не беше лесно. Пораснав во дом каде што љубовта честопати беше скриена зад болка. Мојот татко се бореше со алкохолизам и многу пати малите несогласувања завршуваа со насилство. Се сеќавам како ја тепаше мајка ми и за најмали проблеми. Јас, и моите браќа и сестри, пораснавме во атмосфера на страв и конфузија. Не беше само тешко – тоа наруши нешто во мене.

Како што станував постар, често му поставував на Бога длабоки прашања. „Дали има иднина за мене? Дали имам цел?“ Постојано му велев на Бога дека сум подготвен да слушам, да следам. Се молев, плачев и преколнував за одговори. Но чувствував како Бог да молчи. Почнав да се лутам и да го обвинувам Бога за сè што се случуваше во мојот живот.

Сепак, нешто постојано ме приближуваше кон Него. Почнав да одам во црква на библиски проучувања во среда и сабота. Низ сето тоа, мајка ми стана моја поддршка. Иако и самата минуваше низ тешка болка, таа беше силна и секогаш ме охрабруваше да го правам она што е исправно. Не ми дозволуваше да одам на кампување или на црковни активности кога бев помлад, но сега се случи нешто неочекувано.

Кога слушна за Младинскиот конгрес на Христијанската адвентистичка црква во Самоа во 2024 година, таа ми рече: „Би требало да одиш“. Бев изненаден. Ми рече дека овој конгрес ќе ми го промени животот – дека ќе ме направи подобра личност. Нејзините зборови ме допреа до срце и поради длабокото почитување што го имав кон неа, решив да се пријавам.

Пред да започне конгресот, почувствував потреба повторно да почнам да се молам. Овој пат барав знак од Бога. Морав да бидам сигурен дека Тој навистина ме повикува.

За време на една серија предавања, говорникот праша дали некој сака да се пријави да волонтира една година во мисионерска служба. Во тој момент, почувствував некоја топлина во срцето. Знаев дека тоа е Бог, кој одговара на моите молитви. Конечно ми проговори. Се пријавив за мисионска работа. Тогаш сфатив дека сите тие години

на Негово молчење не беа отфрлање. Бог ме подготвуваше.

Но, токму кога изгледаше дека сè се средува, се случи трагедија. Непосредно пред да заминам за колеџот Фултон на мисионерска обука, почина мојот брат. Поминавме 16 години заедно, и одеднаш го немаше. Се чувствував како нож да ми го проби срцето. Бев скршен. Ја изгубив надежта. Се чувствував како да сум пропаднал затоа што не бев тука за него. Се чувствував сосема бескорисно.

Потоа мајка ми повторно ме храбреше. Дури и во нејзината болка, ме потсети на повикот што ми го упати Бог. Нејзините зборови повторно ми дадоа сила. Можев да го почувствувам Светиот Дух како работи во мене, ме води, ме подигаше кога не можев да издржам.

Сега, сакам да се обратам на секој оној што можеби поминува низ нешто болно или неизвесно во својот живот. Не се откажувајте. Непријателот сака да останете безнадежни, скршени и изгубени. Но, Бог и натаму дејствува, дури и во тишина. Тој ве подготвува за нешто поголемо. Продолжете да се молите, продолжете да верувате и продолжете да го наслушнувате Неговиот глас.

Божјиот повик можеби нема да дојде кога го очекувате, или на начинот на кој го очекувате, но кога ќе дојде, ќе знаете. И никогаш нема да зажалите што сте му рекле: „Да, прифаќам да ме водиш кога сметаш дека сум подготвен, и таму каде што сум најпотребен“.

AMsda.org/A2617

## Во врска со искуството

- Покажете ги Фиџи и Самоа на карта на светот.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2026.

## Брзи факти

- Главен град на Фиџи е Сува, со вкупно население од речиси 200.000 жители.
- Официјалните јазици на Фиџи се англиски, фиџиски и фиџиски хинди.
- Голем дел од населението во Фиџи е од индиско потекло. Многу Индијци дошле да работат на Фиџи, особено на полињата со шеќерна трска.
- Повеќе од половина од површината на земјата ја сочинува Вита Леву, најголемиот остров на Фиџи.
- Националниот симбол на Фиџи е кануто, а националната боја е светлосината.
- Мотото на Фиџи е „Реревака на Калоу ка Дока на Туи“ („Бој се од Бога и почитувај го кралот“).
- Фиџи бил населен од австронезиски народи некаде помеѓу 3500 и 1000 година пр. н. е., а Меланезијците пристигнале околу 1000 години подоцна.
- Во десеттиот век Фиџи потпаднал под влијание на империјата Ту’и Тонга, која ги вовела полинезиските обичаи и јазик на Фиџи.
- Најголемиот хиндуистички храм во Пацификот се наоѓа во Нади на островот Вити Леву.
- Главните земјоделски култури во Фиџи се шеќерна трска, касава и кокоси.

Исус еднаш рекол: „Блажени се гонетите заради правда, бидејќи нивно е царството небесно“ (Матеј 5,10). Држете се за тоа ветување. Бог се грижи за својот народ.

Дел од средствата од даровите на 13-тата сабота во првото тримесечје од 2013 година беше употребен за обезбедување 15.000 Библии и материјали за учење на Јужнопацифичките острови, за да можат луѓето како Мило да дознаат повеќе за Исуса.

Ви благодариме за вашите дарови на 13-тата сабота ова тримесечје, кои ќе помогнат во поддршка на здравствените проекти наменети за децата на Соломоновите Острови и Вануату.

Раскажано на Мајка Туима од Мило Етани Февааиаи



ФИЏИ | 21 февруари

**Алис**

# ДОМ ЗА БОГОСЛУЖЕНИЕ



Се викам Алис и доаѓам од Соломонските острови. Со години работев како наставничка во средно училиште, но денес работам како хонорарен/фриленсер едукатор и истражувач.

Сакам да планирам младински програми, да извршам влијание во мојата локална заедница. Благодарна сум што во сè што правам, го носам сеќавањето на местото каде што е формирана мојата вера – Пацифичкиот три-нивоен евангелиски центар или ПТЕЦ.

ПТЕЦ е повеќе од само зграда. Тоа е духовен дом за младите жители на Пацифичките острови кои студираат во Сува, на Фиџи. А неговата приказна започна со еден сон.

На почетокот на 2000-тите, групи студенти кои сакаа да организираат богослуженија секој викенд се селеа од едно место на друго за да се состануваат. Тие користеа универзитетски училници или заеднички простории. Тие влечеа тешки музички инструменти и звучни системи во такси. Понекогаш возачите наплаќаа дополнително за товарот. Друг пат, тие се спротивставуваа на дождот со вазни за цвеќе, со прибор за Вечера Господова и чаршафи под чадори или пластични чаршафи, под отворено небо.

„Секоја сабота беше авантура“, изјави еднаш еден од нашите членови со насмевка. „Никогаш не знаевме дали ќе имаме резервирана просторија или ќе бидеме под отворено небо.“

Се соочивме со многу предизвици – недостаток на простор, ограничено времетраење на нашата програма поради краткото време за изнајмување на просториите и лошите временски услови кои честопати ги нарушуваа нашите програми.

Но, повеќе од физичкиот напор, копнеевме за место коешто можеме да го наречеме свое – место кое е безбедно, каде што луѓето би се чувствувале удобно и каде што младите студенти адвентисти би можеле да се собираат, да растат и слободно да се молат.

Црковните водачи ја увидоа оваа потреба и се молеа за решение. Визијата беше јасна: да се изгради центар во близина на универзитетот во Сува, место каде што студентите ќе бидат негувани, зајакнати и охрабрени да станат Христови претставници, каде и да ги однесат нивните студии.

Не беше лесно, но многу раце и срца го овозможија тоа. Од сè срце сум им благодарна на верните браќа и сестри кои помагаа нашиот сон да стане реалност. Секој одигра улога, без разлика дали преку молитви, водство, охрабрување или верно приложување на средства.

Потоа дојде пресвртницата – даровите на 13-тата сабота за третото тримесечје од 2006 година. Водачите на Адвентистичката црква на седмиот ден го избраа нашиот проект, а верниците од целиот свет великодушно придонесуваа. Тој прилог ги постави темелите за нашата иднина. Земјиштето беше купено на Грантам Роуд број 7 во Сува. Со текот на времето, градбата растеше – нов дом за богослужение и духовна служба.

Денес, ПТЕЦ е жива заедница на верата. Познати сме по нашата современа хорска служба, која носи радост и смисла преку музиката. Мисионскиот тим редовно ги посетува луѓето од локалната заедница за да им служи и да им биде на благослов.

Здружението на адвентистички студенти (ASA) создава простор каде што студентите можат да стекнат искуства во водењето на разни духовни програми и да растат во својата вера. Но, повеќе од програмите, луѓето се тие што го прават ПТЕЦ она што е. Многумина го пронајдоа своето место тука. Други создадоа доживотни пријателства. Некои, како Сандра Даусабе од Соломонските Острови, велат дека ПТЕЦ им го променил животот.

„Врвот на мојот духовен живот се случи во црквата ПТЕЦ, во рамките на семејството ПТЕЦ. Бог е верен и добар."

Во ПТЕЦ, студентите добиваат поддршка на нивното духовно патување. Тие учат да водат, да служат и да ја споделуваат својата вера со доверба. Им се даваат обврски и одговорности што ги обликуваат – не само како членови на црквата, туку и како идни водачи.

За нас, оваа зграда е повеќе од бетон и дрво. Таа е живо сведоштво за верата, великодушноста и един-

ството. Потсетник дека не сме сами во оваа мисија.

Сакам да ѝ се заблагодарам на нашата црква во целиот свет. Вашите великодушни дарови создадоа место каде што младите луѓе наоѓаат смисла и поврзаност. Вие помогнавте да се изгради нешто повеќе од црковна зграда – помогнавте да се изгради дом, каде што младите луѓе ќе можат да стекнат знаење и да се подготват за вечниот живот во небесниот дом.

Бог нè благословил со различни дарови. Да ги користиме со благодарност, понизност, љубезност и срце посветено на мисијата.

Да, тагата или неуспехот може да дојдат. Но, златната нишка на Божјата љубов нè поврзува сите – и Неговата светлина нека продолжи да блеска преку животите до кои допираме каде и да одиме.

Дел од средствата од даровите на 13-тата сабота во третото тримесечје од 2009 година беа употребени за изградба на ПТЕЦ.

Ви благодариме за вашите дарови на 13-тата сабота од ова тримесечје, кои ќе помогнат во поддршката на здравствените проекти наменети за децата на Соломонските Острови и Вануату.

Раскажано на Мајка Туима од Алиса Ропе

AMsda.org/A2618

## Во врска со искуството

- Покажете ги Фиџи и Соломоновите острови на карта на светот.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2026.

## Брзи факти

- Националниот пијалак на Фиџи се нарекува Кава и се прави од мелен корен на растението кава, кое е од семејството пиперки.
- Рагбито е најпопуларниот спорт на Фиџи. Нивниот национален тим е еден од најдобрите во светот и освои злато на Летните олимписки игри во 2016 г.
- Одењето по оган било воведено пред околу 500 години од племето Савау и сега е популарна активност на Фиџи. Посетителите на земјата можат да ги гледаат церемониите во многу хотели и одморалишта.
- Фиџијците традиционално користат лово јами, ископани под земја и наполнети со жешки камења, за подготовка на големи гозби.
- Популарно јадење на Фиџи е салата од сурова риба позната како кокода. Рибата се „готви“ со маринирање во сок од лимон и лимета.



ФИЏИ | 28 февруари

**Јордан**

# ОД ФИЏИ ДО ПРВИТЕ БОРБЕНИ ЛИНИИ (НАЈНОВИ ВЕСТИ)

Сè започна со оган во моето срце, повик што не можев да го игнорирам. Во 2023 година, откако ја споделив мојата приказна на подкаст, верував дека сум на прагот на нешто големо. Само неколку месеци подоцна, дипломирав теологија, полн со надеж и желен да служам каде и да ме испрати Бог.

Мојата прва пријава беше за мисијата во Тонга, за слободно место како капелан.

Кога добив позитивен одговор две недели подоцна, бев исполнет со возбуда и се молев со доверба, верувајќи дека тоа е тоа - мојата прва официјална мисионска позиција. Но, исто како што вратата се отвори брзо, така брзо и се затвори. Водачите на мисијата ја преиспитаа својата одлука и повеќе не бев потребен.

Се пријавив за мисионски позиции во други адвентистички организации, но ништо не успеваше. Бев обесхрабрен. Се чувствував невидлив и заборавен. Но, потоа, еден тивок збор на мудрост промени сè.

Еден од моите поранешни професори, д-р Табуа Туима, ме погледна во очи и ми рече: „Започни ја твојата служба на Фиџи пред да излезеш во светот.“ Неговите зборови најдоа плодна почва во моето срце.

По кратко време се сретнав со секретарот на Мисијата Фиџи. Тој ме охрабри да испратам формално барање до канцеларијата на мисијата. Со понизно срце, поднесов едноставна биографија, изразувајќи ја мојата желба да служам меѓу изворни говорници на фиџиски јазик, и да работам во областа на комуникациите.

Кон крајот на март 2024 година, Бог отвори врата каква што никогаш не очекував. Бев задолжен за надгледување на три цркви во градот. Немав ниту титула ниту плата – само повик, срце подготвено за мисија.

Од првиот ден се соочив со значителни предизвици. Јазичната бариера беше планина што требаше да се совлада. Морав брзо да научам како да проповедам, да се молам и течно да служам на фиџиски јазик. Еден ден, сопругата на еден старешина тивко призна: „На некои од нашите членови не им се допаѓа нашиот нов пастор затоа

што проповеда на англиски јазик". Други се прашуваа зошто мисијата испратила толку млад работник. Имав само 22 години.

Тие зборови ме погодија длабоко, но не дозволив да ме дефинираат. Останав. Се молев. Истрајав. Мојот распоред беше интензивен. Саботите беа како маратонска трка: саботна школа во една црква, проповед во друга и средба со адвентистичка младина во трета. Работните денови беа исполнети со молитвени состаноци, младински програми и работа во мали групи. Но, нешто прекрасно се случи среде таа врева: почнав да го разбирам мојот народ. Нивниот јазик стана мој јазик. Нивната доверба стана моја награда.

Потоа, во мај, се отвори ново поглавје. Бев поканет да бидам водител на „Утрински преглед од брег до брег", што нашата црква го емитува на радиостаницата „Hope FM Fiji".

Во почетокот бев ужасен. Погрешно изговарав некои зборови, се мачев со опремата и се борев со исцрпеност од непрекинатата служба, која често завршуваше во вечерните часови. Негативни пораки доаѓаа преку пораки и електронска пошта. Но, за жал, не се откажав. Учев. Слушав. Напредував. Полека мојот глас стана познат, не само на Фиџи, туку и низ целиот свет.

Во радиоемисиите ги споделував моите искуства, ги истражував црковните принципи, го анализирав Светото писмо и ги охрабрував слушателите. Надвор од радиоемисиите, се борев со лична бура.

Немав приходи, но го носев товарот помагајќи им на другите. Го поддржував школувањето на мојата шеснаесетгодишна сестра и ѝ ја понудив истата можност на мојата братучетка, која го напушти училиштето поради тешкотии. Ветив дека ќе ги покријам трошоците за нивната школарина во текот на три семестри, верувајќи дека Бог ќе се погрижи.

Беше тешко, но никогаш не гладував. Мојот главен старешина ме превезуваше, понекогаш ми даваше мали дарови. Никогаш не ја за-

AMsda.org/A2619

## Во врска со искуството

- Прикажи на мапа каде се наоѓаат Фиџи и Источна Јава, Индонезија, каде што Јордан служи во академијата.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2026.

## Ќе одам

- Иницијативата „Ќе одам" е повик за целосно вклучување на членовите. Тоа е повик до секој член на црквата активно да се вклучи во допирањето до луѓето во името на Исус, користејќи ги своите духовни дарови дадени од Бога во сведоштвото и службата. Истражете го планот „Ќе одам" и пронајдете го вашето место во ова глобално движење! Посетете ја страницата: IWillGo.org.

боравив неговата тивка великодушност.

Дури и мојот единствен слободен ден – понеделник – не беше мој. Го поминував волонтирајќи во дом за стари лица, молејќи се Бог да ме научи на понизност. И, тој го стори тоа, преку збрчканите раце и мудрите очи на оние на кои им служев.

Подоцна се запишав на основен курс по знаковен јазик, кој го посетував двапати седмично во текот на шест месеци. Дипломирав во ноември 2024 година, истиот месец кога ја платив школарината за двете девојчиња. Тоа беше вистинско чудо.

Денес сум во Источна Јава, во Индонезија, далеку од дома, а сепак точно таму каде што Бог сака да бидам.

Предавам англиски јазик на академија, откривајќи им го Христовиот карактер на студентите, на место каде што јавното изјавување на верата во Исуса не се добредојдени.

Се борам. Се чувствувам осамено. Нема црква во близина. Сепак, секој ден се потсетувам: ова е твоето мисионско поле. Се држам до вистината дека Исус е мој постојан придружник, мој најдобар пријател.

Голема чест ми претставува тоа што сум дел од иницијативата „Јас ќе одам“:

• Ќе одам кај моето семејство: Бог ги услиши моите молитви и ја избави мајка ми од зависност.

• Ќе одам кај соседот: Му помогнав на братучед ми да се врати на училиште.

• Ќе одам на моето работно место: Го понудив мојот глас и време да служам преку медиумите и со пишување.

• Ќе одам до крајот на земјата: А сега служам во земја каде што не можам слободно да го изговарам Неговото име, но можам да Го носам во моето срце и да живеам според Неговата волја секој ден.

Ова е моето патување со вера, служење на другите и предавање на Бога. Од Фиџи до Источна Јава – Бог ме водеше на секој чекор од патот.

Дел од даровите на 13-тата сабота од претходните години помогна во поддршката на основањето и креирањето на програмата на телевизискиот и радиоканал „Надеж“ во Јужниот Пацифик.

Ви благодарам за вашите дарови на 13-тата сабота од ова тримесечје, кои ќе помогнат во поддршката на здравствените проекти наменети за децата на Соломонските Острови и Вануату.

Како што е раскажано на Мајка Туима од Јордан Везерал





**Мерешени**

# ИСЦЕЛЕНА НАДЕЖ

*Во срцето на Сува, на Фиџи, клиниката „Надеж" стои како симбол на трансформација. Основана со поддршка на даровите на 13-тата сабота, клиниката нуди повеќе од медицински услуги – таа пружа спасение. За многумина, тоа е место каде што скршените тела и изморените срца наоѓаат исцеление. Една личност која пронашла исцелување била 53-годишна жена по име Мерешени.*

Со години Мерешени се борела со висок крвен притисок. Таа посетувала лекари, верно ги земала лековите и ги следела упатствата. Но, нејзините параметри не се подобрувале. Заморот останал. Нејзината сила полека исчезнувала.

„Се чувствував заглавена", се присетува таа. „Ништо не делуваше."

Еден ден, водена од љубопитност и желба за промена, Мерешени влегла низ вратите на клиниката „Надеж".

„Не знаев што да очекувам", вели таа. „Само сакав да се чувствувам подобро."

Внатре, таа сретнала персонал кој не ги лекувал само симптомите – тие слушале, охрабрувале и едуцирале. Меѓу нив бил и д-р Акуила, чија смирена самодоверба влевала сигурност. Тој објаснил како природните, едноставните промени во начинот на живеење можат да помогнат нејзиното тело да се излечи.

„Без сол, без месо, без преработена храна", рекол тој нежно. „Јадете што расте од земја. Вашето тело може да се излечи, но му е потребна вашата помош."

Мерешени кимнала со глава, впивајќи го секој збор. Звучело тешко, но нешто во неа се разбудило. Се чувствувала добро. Чувствувала надеж.

Решена да проба, таа се вратила дома и го испразнила шпајзот. Прво го фрли соларникот, потоа месото, белиот ориз, касавата и тарото. Наместо тоа, ја наполнила кујната со сладок компир, банани и лиснат зеленчук.

Потоа следел вистинскиот предизвик. Д-р Акила ѝ предложил 10-дневен пост на вода – само вода, со лимон за поддршка. Повеќето луѓе би се двоумеле, но Мерешени се погледнала во огледало и гласно рекла: „Ќе го направам ова. Не за некој друг – туку за себе."

Таа го започнала својот пост тивко, без фанфари или жалби. За време на секој оброк, таа се повлекувала во својата соба додека нејзините деца седеле на трпезариската маса.

„Им готвев храна како и обично,

photo: BigStock.com



но одев да се помолам кога доаѓаше време за јадење. Го молев Бога да ми помогне да го пребродам ова.“

Деновите минуваа. Нејзините деца почнаа да забележуваат.

„Мамо, губиш премногу килограми“, рекол еден од нив загрижено. „Мора да јадеш.“

„Ќе го сторам тоа“, одговорила таа тивко. „Само не сега. Речиси сум готова.“ Мерешени се чувствувала посилна отколку што била со месеци, па продолжила понатаму.

„Не бев гладна “, се сеќава таа. „Не се чувствував слаба. Ја чистев куќата, одев и се молев. Чувствував како Бог да ме носи. Обично постев еден ден и ги броев часовите додека не дојде време да можам да јадам“, вели таа со насмевка. „Но, овој пат беше поинаку. Овој пат имав цел.“

На последниот ден од постот, Мерешени се вратила во клиниката „Надеж“.

Медицинските сестри ја погледнале изненадено. Таа се насмевнала и им дозволила да ги прочитаат резултатите од тестот. Еден по еден, ја проверувале нејзината тежина, пулс и крвен притисок. Сите резултати биле во нормални граници.

„Не земав никакви лекови за време на постот и оттогаш не ми беа потребни.“

Мерешени веќе не мора да зема лекови. Нејзината исхрана сега е свесен избор: без сол, месо или преработена храна. Јаде слатки компири, банани, зеленчук и овошје. Трансформацијата допрела до секој аспект од нејзиниот живот.

„Пак одам во црква, ги земам внуците од училиште. Одам без да се чувствувам уморно. Повторно живеам.“

Таа зборува со тивка самодоверба, не само за своето исцелување, туку и за лекциите што ги научила.

AMsda.org/A26110

## Во врска со искуството

- Покажи го Фиџи на карта на светот.
- Погледнете го краткиот видео-клип со Мерешени: bit.ly/Meresenini-SPD.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2026.

## Брзи факти

- Канибализмот бил важен дел од фиџиската култура сè додека христијанството не дошло на островите. Последните познати жртви на канибализам во Фиџи биле Томас Бејкер, методистички проповедник, и неговите седум фиџиски следбеници во 1867 година. Записите велат дека Томас бил убиен затоа што допрел глава на поглавар, што се смета за непочитување во фиџиската култура.

„Мора мудро да избираме што јадеме“, изјавува таа. „Бог ни дал храна за да нè лекува, а не да ни наштетува. Не им кажувам на луѓето што да прават, но откако го преживеав ова, видов што се случува кога му веруваме на Бога и се грижиме за нашето тело.“

Клиниката „Надеж“ ѝ дала на Мерешени повеќе отколку само информации – ѝ дала нов начин на живот. Патеката по која гордо оди секој ден.

Нејзината приказна нè потсетува дека вистинското исцелување често започнува кога сме спремни да слушаме, да веруваме и да се менуваме.

„Надежта е реална“, вели таа. „Ја пронајдов кога влегов низ вратите на оваа клиника.“

**Забелешка на уредникот**

Продолжениот пост не треба да се практикува без консултација со медицински специјалист.

Дел од даровите на 13-тата сабота во второто тримесечје од 2016 година беше употребен за изградба на клиниката „Надеж“ на Фиџи, која прави разлика во животите на луѓето, меѓу кои е и Мерешени.

Ви благодариме што ќе го приложите великодушно дарот на 13-тата сабота ова тримесечје, кој ќе помогне во поддршката на здравствените проекти наменети за децата на Соломоновите Острови и Вануату.

Раскажано на Мајка Туима од Мерешени Галувакадуа



ПАПУА НОВА ГВИНЕЈА | 14 март

**Ендру**

# НОСЕЈЌИ ГО ЕВАНГЕЛИЕТО ВО ЏУНГЛА

Длабоко во бујното сурово срце на Папуа Нова Гвинеја, еден млад човек по име Ендру слушнал повик што засекогаш ќе му го промени животот.

Роден во христијанско семејство, Ендру пораснал слушајќи стории за Божјата љубов. Но, сè се променило оној ден кога пасторот Том Карава пристигнал во неговото село. Со возбудливи пораки за Исусовото враќање и вистината за саботата, пасторот ја разбудил љубопитноста на Ендру. Тој присуствувал на секој состанок, желен да дознае повеќе за Библијата и за Бога кој ги повикува обичните луѓе да прават извонредни работи.

Наскоро Ендру станал активен во локалната адвентистичка заедница. Две години го проучувал Светото писмо со сè поголема страст. Неговото срце горело од желба да направи повеќе за Бога – да води, да проповеда и да служи.

Тогаш Бог ја отворил врата. Водачот на адвентистичката црква во округот го препознал потенцијалот на Ендру и му понудил да го испрати на програмата за обука на пастори-лаици. Ако прифати, би станал пастор-лаик во еден од оддалечените региони на земјата.

Младиот човек го прифатил повикот – и влегол во живот полн со предизвици, вера и чуда.

Мисијата го однела длабоко во џунглата. Некои села биле толку оддалечени што му биле потребни три дена пешачење, неколку преминувања на реки и спиење под отворено небо за да стигне до нив.

Тој се пробивал низ џунглата, воден од една мисија: да ја шири добрата вест за Исуса.

Но, предизвиците не биле само од физичка природа.

„Имаше моменти кога ги поминував деновите молејќи се и поучувајќи со селаните“, кажува тој. „Некои прифаќаа, други одбиваа. Научив дека кога некој ме одбива, продолжувам понатаму, но никогаш не се откажувам.“

Духовното противење било вистинско. Некои села биле сомничави кон адвентистите, и тој понекогаш се соочувал со остри зборови или незаинтересирани луѓе. Но, тој продолжувал понатаму, утешен од промените во животите на оние кои му дозволувале на Светиот Дух да дејствува во нив. Гледал како болни биле исцелени, срцата како се отвораат и вистината како се вкоренува на најнеочекувани места.

Животот на мисионерот во џунглата не бил само тежок – честопати бил соочен со големи предизвици. Имало денови кога Ендру и неговата сопруга немале храна, пари, помош. Цела една седмица тие останале без ниту еден оброк. Седејќи во џунглата во мисионската куќа, се свртеле кон единствениот извор на сила што им останал – Бог. Почнале да пеат.

Среде нивното пеење, еден странец се појавил на нивната врата. „Нè замоли да излеземе и да погледнеме надвор, пред куќата“, се сеќава Ендру. „Не најдовме храна. Но, најдовме пари. Бог ни ги испрати од својата ризница.“

Ваквите моменти станаа столбови на верата на Ендру.

Во 2012 г. Бог отворил уште една врата. Благодарение на спонзорството на еден австралиски адвентистички пилот, Ендру се запишал во Адвентистичката мисионска школа Омаура. Тој се сеќава дека институцијата тогаш била многу помала, но, како и денес, служела за Божјото дело.

Ендру се обучувал една година, учејќи како да ги шири библиските вистини и практични вештини, пред да добие задача да служи во црква со над 200 членови. За само една година, неговите напори, под водство на Светиот Дух, довеле до 120 крштевања и изградба на сосема нова црква.

Но, најнезаборавниот момент за Ендру се случил за време на PNG за Христа, национална евангелска кампања во која учествувал и претседателот на Генералната конференција Тед Вилсон. Во едно оддалечено село во џунглата, Ендру скромно помогнал да се крстат 874 луѓе и да станат дел од Божјото вечно семејство.

Ова искуство му го променило животот и го продлабочил повикот на Ендру. Неколку месеци подоцна, Бог му дал уште една можност на овој млад човек да ги развие своите духовни дарови. Адвентистичката црква во Папуа Нова Гвинеја го спонзорирала Ендру да се врати во Адвентистичката мисионска школа Омаура за напредна обука. Тој се подготвува за која било мисија што стои пред него – без разлика дали станува збор за патека низ џунглата или градска улица.

„Го подготвив моето срце да одам каде и да ме испрати Бог", цврсто изјавува тој. „Каде и да одам, секогаш има благослов во извршувањето на Божјето дело."

Вашите великодушни средства, приложени преку даровите на Тринаесеттата сабота во ова тримесечје, ќе бидат употребени за опремување на Адвентистичката мисионска школа „Омаура", така што уште повеќе млади луѓе ќе можат да стекнат образование во областа на мисионството и да ја шират радосната вест во Папуа Нова Гвинеја.

Ви благодариме за вашите дарови со кои ги поддржувате мисионските програми на Адвентистичката христијанска црква!

AMsda.org/A26111

## Во врска со искуството

- Покажете ја локацијата на Папуа Нова Гвинеја на карта на светот.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2026.

## Мисионски факти

- Доаѓањето на адвентистичкото дело во Нова Гвинеја започнало во 1902 година, кога Едвард Гејтс отпловил до пристаништата долж Германска Нова Гвинеја, распределувајќи литература меѓу Англичаните и собирајќи информации за домородното население. Грифитс Џонс направил слично патување во 1904 година, а Џорџ Ирвин отпловил до истите пристаништа во 1905 година.
- Џон Фултон, претседател на Австралискоазиската унија, на 11 јули 1910 г. направил еднодневно запирање во Порт Морсби, каде што ја организирал првата адвентистичка црква во Папуа.
- Првата финансиска поддршка за новото мисионско поле Папуа Нова Гвинеја дојде од саботношколскиот дар за 3. тримесечје во 1906 година.
- Изградбата на станицата Ефоги во планинскиот масив Овен Стенли во Папуа Нова Гвинеја можеби претставувала најнапорната задача што кога било ја презеле адвентистите во јужнопацифичкото мисионско поле. Шест дена, група мисионерски семејства и 41 Коиари домородец, меѓу кои и жени со бебиња, носеле материјали низ 50 милји шумовити планини, во жештина и дожд.

Како што ѝ раскажал Ендру Сипијаи на Грејслин Бан Лојд



**Петар**

# УЛИЧЕН ПРОПОВЕДНИК

Петар често се прашувал кој е Божјиот план за неговиот живот.

Кога бил дете, неговите родители, наставниците во основно училиште и христијаните го учеле за Бога и како да се моли. Меѓутоа, како тинејџер, неговите пријатели влијаеле врз него да прави работи што го оддалечувале од Бога.

Подоцна, кога пораснал, живеел сам на брегот. Почнал да го преиспитува својот живот и да го бара Бога, прашувајќи се зошто го довел таму. Седум месеци се молел за одговор: „Каков е Твојот план за мојот живот?“

Еден петок, Петар решил да пости и да се моли. Наместо да се потпира на храната тој ден, тој целосно се фокусирал на тоа да го бара Бога. Копнеел по јасен одговор.

Околу зајдисонце, видел тројца младичи како одат по улицата. Слушнал глас кој му шепоти наговарајќи го да им се приближи. Тој го послушал поттикот и им се претставил.

„Ние сме улични проповедници“, рекол еден од нив. Петар дознал дека нивните имиња се Томас, Џорџ и Џуниор. Тие биле евангелисти кои чувствувале дека ги води Божјиот Дух да го шират евангелието во крајбрежните градови.

Петар секој ден ги набљудувал како проповедаат— на улица, на пазар, каде и да можеле да најдат слушатели.

Во саботата навечер, Петар повторно се молел на Бога да му го открие Својот план. Заспал со Библијата на градите и сонувал ангел како му ја зема раката и ја отвора Библијата во Евангелието според Матеј 10 глава.

Кога се разбудил, ја побарал таа глава во Библијата и прочитал за неверојатните работи што Исус ги направил преку своите ученици кога решиле да Го следат.

Тој не ја прочитал целата глава само еднаш. Ја читал одново и одново. Потоа го слушнал истиот благ, тивок глас како вели: „Ова е мојот план за тебе.“

Во неверица, тој паднал на своите колена и извикал: „Кој сум јас, Боже, да ме повикуваш?“

Тој му се заблагодарил на Бога за јасниот одговор. Како и Христовите ученици во Матеј 10, тој знаел дека е повикан да го следи Исуса и да проповеда од град до град како уличен евангелист.

Кратко потоа, тој се крстил и им се придружил на тројца улични проповедници во нивната мисија. Патувал со нив, носејќи ги нивните торби и проповедајќи заедно со нив на улиците.

Една година подоцна, тој се запишал на двомесечен курс за обука, за време на кој научил како да ги шири верувањата на Адвентистичката црква како лаик, во мисијата Југозападна Папуа.

Една од неговите први задачи го однела во едно оддалечено село во дождовната шума, до кое му требале три дена за да стигне пеш. Патувал на силен дожд, спиел на отворено и преживувал јадејќи бисквити.

Длабоко во густата дождовна шума, тој стигнал до малата адвентистичка црква. Една жена на средна возраст, која им служела на група верници кои се собрале таму, му рекла дека немаат пастор. Црквата постоела на тоа место 25 години и долго време се молеле за пастор. Таа го прашала Петар дали ќе сака да им помогне.

Тој се согласи и служел како волонтер, водејќи ја црквата една година. Додека служел таму, тој продолжил да се моли за Божјиот следен чекор во неговиот живот. Имал впечаток дека дошло време да оди на мисионско училиште.

AMsda.org/A26112

## Во врска со искуството

- Покажете ја локацијата на Папуа Нова Гвинеја на карта на светот.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2026.

## Брзи факти

- Земјата се состои од главниот остров Нова Гвинеја, четири поголеми острови, вклучувајќи ги Нова Британија и Нова Ирска, и околу 1.000 помали острови.
- Службените јазици на Папуа Нова Гвинеја се ток писин, хири моту, англиски и знаковен јазик. Ток писин е меланезиски пицин јазик.
- Највисокиот врв на земјата е планината Вилхелм, која е висока 4.509 м (14.793 стапки). Поради својата голема надморска височина, на многу од висорамнините на овој тропски остров има снежни врнежи.
- Папуа Нова Гвинеја е една од најмалку урбанизираните земји, со само околу 14 проценти од жителите на Папуа Нова Гвинеја кои живеат во градовите, а повеќето живеат во руралните области на висорамнините или крајбрежните региони.
- Папуа Нова Гвинеја е една од најмегаразновидните земји во светот, што значи дека многу животни и растенија се наоѓаат само таму. Научниците исто така сè уште откриваат нови видови во оддалечените региони на земјата.
- Качулката питохуи, една од ретките познати отровни птици во светот, живее во Папуа Нова Гвинеја и произведува токсин во своите пердуви и кожа за да се заштити од предатори и паразити.
- Во Папуа Нова Гвинеја има 37 вулкани, од кои 14 се активни. Планината Улавун во североисточна Папуа Нова Гвинеја последен пат еруптираше во ноември 2023 година и е еден од најопасните вулкани во светот.

Враќајќи се дома еден петок навечер, тој наишол на еден член на црквата како го чека пред неговата врата. Членот му подал плик со писмо во кое се потврдувало дека му е платена школарината. Тој ќе оди да учи во Адвентистичката мисионска школа „Омаура“.

Во Омаура, тој стекнува вештини за да им помага на црквите да растат физички, ментално и духовно. Тој со нетрпение очекува да ги користи градинарството и столарството за да ги поучува верниците како да се издржуваат себеси и да се грижат за вдовиците и сираците.

Предметите како што е еврејскиот јазик му се тешки, но тој верува дека со Божја помош може да совлада сè.

„Со Бога“, вели тој, „сè е можно.“ Иако не е сигурен за својата следна задача, Петар останува посветен на следењето на Оној што го довел во Омаура.

„Секогаш ќе го следам Неговиот глас.“

Вашите великодушни средства, приложени преку даровите на Тринаесеттата сабота ова тримесечје, ќе бидат употребени за опремување на Адвентистичката мисионска школа „Омаура“, така што уште повеќе млади луѓе ќе можат да добијат образование во полето на мисионството и да ја шират радосната вест во Папуа Нова Гвинеја.

Ви благодариме што со вашите дарови ги поддржувате мисионските програми на Адвентистичката христијанска црква!

Раскажано на Грејсилин Бан Лојд од Петар Гиви



ПРОГРАМА НА 13-ТАТА САБОТА | 28 март

**Сем**

# ЧОВЕК СО ЕДНА НОГА

Сем живеел во дел од градот каде што имало трговија со дрога, киднапирања, изнуда, проституција, кражби и други злосторства. Како резултат на тоа, тој уште од рана возраст почнал да пие алкохол, да користи droги и да го поминува поголемиот дел од времето на улица.

На 15-годишна возраст се приклучил на локална банда. Почнал да ограбува, краде и да го продава она што го украл. Сите лоши

работи што ги правел му донеле многу проблеми на неговото семејство и на него самиот. Неговата сопруга и семејството се обидувале да го натераат да оди во црква, но тој не бил заинтересиран.

На 19 мај 1995 година, полицијата го ранила во десната нога, обидувајќи се да ги спречи неговите криминални активности. Тој ја изгубил ногата, знаејќи дека ако умре, нема да биде подготвен за вечен живот со својот Творец. Затоа решил да се промени.

Но, кратко по ова, тој поминал една седмица со млади луѓе, организирајќи забави во неговата куќа, пиејќи алкохол и пушејќи дрога. До 3 часот наутро, тој бил мртов пијан. Слушал поп-музика на слушалки.

На средина од плејлистата следела песната на Кери Андервуд „Исусе, земи го кормилото на мојот живот". Зборовите на оваа песна го трогнале Сем и со солзи во очите, тој ја напуштил куќата во темнината на ноќта и горко плачел. И во следните денови рефренот на таа песна постојано му одѕвонувала во мислите, и на крајот довела до негово преобратување. Сепак, тој никому не кажа за ова.

Првиот петок таа седмица, во мислите му одѕвонувал еден тивок глас, кој му велел: „Утре оди во црква".

Станал тоа саботно утро и – за да не знае сопругата каде ќе оди – излегол во својата вообичаена облека. Пред да пристигне во црква, се пресоблекол во покултурна облека, соодветна за сабота. Таа сабота било 25 ноември 2013 година.

Кога неговата сопруга видела дека тој го прифатил Исуса во своето срце, го променил својот начин на живот и почнал да оди во црква, таа била пресреќна.

Сем бил крстен на 19 април 2014 година и станал член на Адвентистичката црква на седмиот ден во Попондета.

AMsda.org/A26113

## Во врска со искуството

- Покажете ја Папуа Нова Гвинеја на карта на светот.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2026.

## Брзи факти

- Папуа Нова Гвинеја има тропски дождовни шуми кои се дом на кенгури што живеат на дрвја
- Националното јадење на Папуа Нова Гвинеја е муму, јадење во едно тенџере кое содржи сладок компир, ориз, свинско месо и зеленчук. Пилешкото тенџере, пилешка чорба со кокосово млеко, е исто така популарно.



*Сем присуствува на евангелски состанок со друг член на црквата.*

Сем станал мисионер, а во 2024 година се грижел за новоорганизираната црква во Попондета, која потоа основала седум други цркви.

Во 2025 година тој започнал со обука во Адвентистичката мисионска школа „Омаура", со цел да се подготви за понатамошна служба.

Сем вели дека е „толку благодарен што е жив и што живее во слобода". Многу од неговите некогашни пријатели се мртви, а други отслужуваат долги затворски казни. Добрата вест е дека, благодарение на сведоштвото на Сем, многу од неговите поранешни пријатели исто така го прифатиле Исуса, го промениле својот начин на живот и се приклучиле на Адвентистичката црква на седмиот ден.

Тој е многу почитуван христијанин, толку многу што дури и членовите на бандата кои не го прифатиле Исуса, го почитуваат – неговиот збор има голема тежина кај нив. Затоа било соодветно Сем да биде назначен за шеф на обезбедувањето на состаноците на Папуа Нова Гвинеја за Христос во Попондета.

Освен неколку истрели испукани во задниот дел од толпата за време на една вечер од предавањата, немало никакви проблеми.

Во текот на вечерта, кога бил упатен апел да се прифати Христос како Спасител, се слушнал гласот на еден член од бандата како им довикува на своите другари: „Не знам што ќе правите, но јас одам, бидејќи сакам да го прифатам Христа". Неговите другари одговориле: „Ќе дојдеме со тебе".

Последната вечер од програмата, пасторот Дон Фелберг, поранешен пастор во оддалечените области на Австралиската унија, одреден за активности на абориџинската заедница, кој зборувал во Попондета, запознал човек по име Рони.

Рони му кажал на пасторот Дон дека бил крстен за време на тие состаноци. Тој му кажал дека имал прилично тежок живот, а потоа, покажувајќи кон Сем, изјавил: „Бев со него." Пасторот Дон, кој веќе

ја слушнал приказната на Сем, му рекол на Рони дека разбира.

Сега Сем и Рони се здружиле, работејќи на придобивање души за Исуса. Тие се моќен тим под благослов на Светиот Дух.

„Гледајќи наназад, многу сум благодарен на моето адвентистичко семејство“, вели Сем. „Тие беа спремни да бидат поинакви, да живеат според библиските принципи. Почнав да ги почитувам повеќе од кој било друг во мојот некогашен живот.“

„Првенствено му благодарам на Бога што ме научи како најдобро да го живеам овој живот на слава на Неговото име.“

Бог не само што му помогнал на Сем да го промени својот животен пат и да живее живот кој го прославува Исуса, туку го употребил и на моќен начин за да ги води луѓето кај Исуса. Тој подготвувал 95 луѓе за крштевање во програмата „Папуа Нова Гвинеја за Христа“ на Адвентистичката црква на седмиот ден.

Сем заклучува: „Ова искуство нека биде на благослов и нека охрабри некого, како што ме охрабри мене. Без разлика колку сте лоши, Бог сепак ве сака и се грижи за вас.“

Вашиот великодушен дар оваа сабота од ова тримесечје ќе ѝ помогне на Адвентистичката мисионска школа „Омаура“ да обучи уште повеќе млади луѓе да ја шират добрата вест во Папуа Нова Гвинеја. Ви благодариме што со вашите дарови ги поддржувате мисионските активности на Адвентистичката христијанска црква.

---

*Оригиналната верзија на ова искуство од Дон Фелберг беше објавена во бројот од 28 март 2025 година во „Адвентистички преглед“ , официјалното списание на Адвентистичката црква на седмиот ден во Јужниот Пацифик.*

(Приложување на дарот придружено со инструментална музика)



*Сем и членовите на црквата посетуваат едно семејно домаќинство во блиското село.*

### Пред 13-тата сабота

- Потсетете ги сите дека нивните мисионски дарови се наменети за ширење на Божјата Реч низ целиот свет и дека 1/4 од даровите на 13-тата сабота ќе бидат употребени за проекти во Јужнопацифичката дивизија.
- Пред или по искуството, користете мапа за да ги прикажете земјите од Јужноамериканската дивизија. Можете да ја преземете мапата на мисијата со проекти на Фејсбук на: bit.li/fb-mk .
- Нараторот не мора да го знае текстот напамет, но би требало да биде доволно запознаен со материјалот, за да не мора да чита сè од списанието.

### Мисионско катче

- Помогнете ни да допреме до 66% од светската популација која сè уште чека да го искуси спасоносното знаење за Исуса Христа. Вашата поддршка во мисионските дарови помага да дојде до промена во животот на луѓето.
- За да бидете сигурни дека средствата за мисија никогаш нема да пресушат, посетете ја страницата: Giving.AdventistMission.org.
- Посетете ја нашата Фејсбук страница и преземете дополнителни материјали за мисијата.

## Идни проекти на 13-тата сабота

Проекти на 13-тата сабота во следното тримесечје ќе бидат 5 проекти во Источноцентралната африканска дивизија.

- Изградба на мега медиумски центар на влијание во Киншаса, Демократска Република Конго, во кој ќе бидат сместени каналот „Надеж“, Светскиот адвентистички радиоканал, евангелистички центар за социјални медиуми и адвентистички кол-центар.
- Изградба на медицинска школа/факултет при Адвентистичкиот универзитет во Луканга, Луберо во Демократска Република Конго.
- Изградба на клиника во Буганда, Бурунди.
- Изградба на Медицинска школа „Онгата Ронгаи“ во Кенија.
- Изградба на амбуланта во Занзибар, Танзанија.

# Извори за водачите

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео *Mission Spotlight,* кое содржи извештаи од Јужноамериканската дивизија и пошироко. Преземете или проследете ја веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## Онлајн информации

Следниве извори на информации можат да бидат корисни при подготовката за вестите во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во ова тримесечје, посетете ги:

## Веб-страници

| | |
|---|---|
| **Фиџи:** владин website | fiji.gov.fj/Home |
| BBC Country Profile | bbc.in/3BLeq38 |
| Fiji Travel | fiji.travel |
| **Нова Каледонија:** владин website | gouv.nc |
| New Caledonia Travel | au.newcaledonia. |
| WikiTravel | bit.ly/WT_NewCal |
| **Вануату:** владин website | gov.vu |
| Vanuatu Travel | vanuatu.travel/en/ |
| BBC Country Profile | bbc.in/4g096ad |

## Адвентисти на седмиот ден

Јужнопацифичка дивизија adventistchurch.com
Новозеландска Пацифичка Унија nzpuc.adventist.org.nz
Мисијата Нова Каледонија adventiste.nc
Мисијата Транспацифичка унија tpum.org
Мисијата Фиџи adventist.org.fj

Планирањето ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Исто така, потсетете ги верниците дека активностите на црквата во светски рамки зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

АДВЕНТИСТИЧКА **МИСИЈА**
за возрасни и млади

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**

**1/2026**

**Вести од светот**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка подготовка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**Адреса:**
ул.„Влае“ бр. 42
www.adventisti.mk

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА

# ЈУЖНОПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА

| Унии | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Австралиска | 450 | 112 | 65,477 | 27,304,000 |
| Новозеландскопацифичка | 158 | 48 | 22,291 | 5,945,000 |
| Папуа Нова Гвинеја | 1,203 | 3,662 | 595,786 | 9,690,000 |
| Транспацифичка | 579 | 962 | 141,093 | 2,525,000 |
| **Вкупно** | **2,390** | **4,7** | **824,647** | **45,464,000** |

## ПРОЕКТИ

1. Адвентистичка мисионска школа, Каинанту, Папуа Нова Гвинеја
2. Здравствен проект за деца, Соломонски Острови
3. Здравствен проект за деца, Вануату
4. Центар на влијание, Островот Валис, Нова Каледонија

